Арх.бр. УП1-15 43/2021
Дата 25-01-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Кратово, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за вон населено место за изградба на фотоволтаична централа со капацитет над 1MW и телекомуникациски столбови, м.в."Сна", КО Страцин, Општина Кратово.**

Површината на планскиот опфат изнесува 14,59 ha.

Во своите граници планскиот опфат целосно ги опфаќа катастарските парцели КП 4155/1, КП 4155/2, КП 4391/2, како и дел од КП 4391/1 и КП 6358/1, КО Страцин, Општина Кратово.

Просторот во рамките на планскиот опфат ќе се планира со следните класи на намена:

- Г - Производство, Рударство, Енергетика, Индустрија
  - Г3.7 - Фотоволтаични електрани
- Е - Инфраструктура
  - Е2.7 - Згради и комплекси на телекомуникациите.

Во рамките на планскиот опфат се наоѓаат 2 базни станици за коишто се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на:

- Базна станица за мобилна телефонија - 046 Саравинци, КО Страцин, Општина Кратово, со техн.бр.Y19906;
- Базна станица за мобилна телефонија на Т-МОБИЛЕ-Македонија АД Скопје: Страцин (Нова)-Кратово, со техн.бр.Y11606/2.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y15720** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за вон населено место за изградба на фотоволтаична централа со капацитет над 1MW и телекомуникациски столбови, м.в. "Сна", КО Страцин, Општина Кратово**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на **Урбанистички план за вон населено место за изградба на фотоволтаична централа со капацитет над 1MW и телекомуникациски столбови, м.в. "Сна", КО Страцин, Општина Кратово** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Донесувачот на **Урбанистички план за вон населено место за изградба на фотоволтаична централа со капацитет над 1MW и телекомуникациски столбови, м.в. "Сна", КО Страцин, Општина Кратово** е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во која треба да се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16, 99/18)

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **Урбанистички план за вон населено место за изградба на фотоволтаична централа со капацитет над 1MW и телекомуникациски столбови, м.в. "Сна", КО Страцин, Општина Кратово**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Кратово**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 32586 од 16.11.2020 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за вон населено место за изградба на фотоволтаична централа со капацитет над 1MW и телекомуникациски столбови, м.в. "Сна", КО Страцин, Општина Кратово.** Површината на планскиот опфат изнесува 11,4 ha. Во своите граници планскиот опфат целосно ги опфаќа катастарските парцели КП 4155/1, КП 4155/2, КП 4391/2, како и дел од КП 4391/1 и КП 6358/1, КО Страцин, Општина Кратово.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за вон населено место за изградба на фотоволтаична централа со капацитет над 1MW и телекомуникациски столбови, м.в. "Сна", КО Страцин, Општина Кратово** и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 43/2021 од15.01.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Урбанистички план за вон населено место за изградба на фотоволтаична централа со капацитет над 1MW и телекомуникациски столбови, м.в. "Сна", КО Страцин, Општина Кратово**, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за вон населено место за изградба на фотоволтаична централа со капацитет над 1MW и телекомуникациски столбови, м.в. "Сна", КО Страцин, Општина Кратово** и одлучи како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

МИНИСТЕР
**Naser Nuredini**

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk